Врз основа на член 27 од Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 67/92 и 8/04), министерот за внатрешни работи донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ОДНОСНО ИЗДАВААТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на водење евиденција за државјаните на Република Македонија и за обрасците што се применуваат односно издаваат („Службен весник на РМ” бр.2/93), во членот 1, по зборот „стекнување”, се додаваат зборовите: „односно престанок”, а во четвртиот ред, по зборот: „Македонија”, се става запирка и се додаваат зборовите: „гаранцијата за прием во државјанството на Република Македонија, заклетвата “.

Член 2

Во членот 6, во ставот 1, зборовите „Уверение за државјанство се издава врз основа на барање, (Образец број 1) кое”, се заменуваат со зборовите: „Барање за стекнување односно престанок на државјанството на Република Македонија (Образец број 1)”, а по зборот „живеалиште” и се додаваат зборовите: „или ако лицето живее во странство, до дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство.”

По ставот 1, се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Гаранцијата за прием во државјанството на Република Македонија се издава на образецот број 2.

Заклетвата се издава на образец број 3.”

Во ставот 2, кој станува став 4, бројот: „2” се заменува со бројот: „4”.

Член 3

Во членот 7, зборовите: „Образецот број 1 и 2”, се заменуваат со зборовите: „Обрасците број 1, 2, 3 и 4”.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 17.1-54168/1
15 септември 2005 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Љубомир Михајловски,** с.р.

Образец бр. 2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**СЕКТОР ЗА УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ**
**Број ____________________**
**__________________година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" број 58/00 и 44/02), а во врска со членот 7 в од Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 67/92 и 8/04), решавајќи по барањето за стекнување на државјанството на Република Македонија поднесено од _________________________________ со живеалиште/престојувалиште во _______________, министерот за внатрешни работи, издава

**Г А Р А Н Ц И Ј А**
**ЗА ПРИЕМ ВО ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Дека ____________________________________ роден-а на _______________ година во ______________________________, од татко ___________________________, државјанин на _______________________________, ќе биде примен-а во државјанството на Република Македонија доколку ги исполнува условите од член 7 став 1 точки 1 до 9 на Законот за државјанството на Република Македонија и ако во рок од две години од денот на врачување на гаранцијата поднесе доказ за отпуст од досегашното државјанство или докаже дека ќе добие отпуст ако биде примен-а во државјанство на Република Македонија.

Ако во рок од две години од денот на врачувањето на гаранцијата, именуваниот-ата не поднесе доказ за отуст од досегашното државјанство или не докаже дека ќе добие отпуст ако биде примен-а во државјанството на Република Македонија, ќе се смета дека се откажал-а од своето барање.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА**
**МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**НАЧАЛНИК**

Образец бр. 3

**РЕПУБЛИКА**  **МАКЕДОНИЈА**

Јас_______________________од татко __________ врз основа на член 7 став 1 точка 9, а во врска со член 7б од Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на РМ” бр. 67/92 и 8/04), ја дава следнава:

**З А К Л Е Т В А**

Се колнам во честа дека ќе бидам лојален-на на државата Република Македонија и ќе ги почитувам Уставот и законите и ќе ги исполнувам должностите на државјанин на Република Македонија.

_____________ ____________________

(дата и место) (потпис)

Образец број 4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# УВЕРЕНИЕ
# ЗА ДРЖАВЈАНСТВО

со кое се докажува дека

______________________________________________
(име и презиме)

роден на ____________________ М.Б. ____________________
(ден, месец, година)

во ______________________________________________
(место, општина, држава)

од татко ____________________ и мајка ____________________

со живеалиште во ______________________________________
(улица, место, општина, држава)

______________________________________________е

## ДРЖАВЈАНИН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

и запишан е во регистарот на државјаните на Република Македонија за

______________________________________________
(општина и матично подрачје)

под реден број ____________________.

______________________

Бр. ____________________

М.П.

____________ 20___ год.

______________________
(потпис на службеното лице)